**Мултимедиа**

# БАЛКАН АРТ ГЕНЕРАТОР

*Недостигот од сали, театри, галерии, музеи и друга културна "инфраструктура" е нешто на што некои му посветуваат големо внимание само за време на предизборните кампањи, но потоа мошне брзо "заборавааат" на тоа. Проектот Балкан Арт Генератор е обид да се надополнат празнините.*

Информативниот центар за изведувачки уметности *Мултимедија* веќе подолго време со своите проекти на оригинален начин ја збогатува македонската културна сцена. Израсната и потпомогната од Институтот Отворено општество - Македонија, оваа организација успеа за кусо време да се осамостои и да ниже само - успеси. Нивните проекти постојано донесуваат новини во културната сфера, особено во доменот на изведувачките уметности. Директорката на *Мултимедија*, г-ца **Виолета Симјановска,** и нејзиниот тим изведоа висококвалитетни проекти со што не само што го привлекоа вниманието на домашната културна јавност, туку и на меѓународната јавност.

Нивниот квалитет и решителноста им овозможија да се впуштат во уште еден огромен проект, наречен *Balkan Art Generator*.

Станува збор за дваесетина уметнички институции и асоцијации од Македонија, Хрватска, Босна, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија и од Бугарија. Секоја земја ја претставуваат по двајца уметници, кои ќе учествуваат на големата групна изложба, чиешто официјално отворање ќе биде за време на манифестацијата *Shortcut Europe 2000,* на 2 јуни во Брисел. Од Македонија на Запад заминуваат ликовните уметници **Жанета Вангели** и **Исмет Рамиќевиќ**.

Целта на овој проект е балканската современа уметничка сцена да се приближи до Европа и на тамошните уметници да им се овозможи да се запознаат со работата на уметниците од Балканот. Изложбата ќе биде отворена еден месец, а потоа ќе тргне на двогодишна европска турнеја, со изложби во голем број европски уметнички центри.

Идејата произлезе од *Шорткат* конференцијата во Вајмар во 1999 година, кога овој град беше европска културна престолнина, на која зедоа учество над двесте претставници од голем број земји. За жал, на таа средба имаше само еден претставник од Балканот, но за среќа, тоа беше претставникот од Македонија, Симјановска.



**Фрагмент од уметничката инсталација на Исмет Рамичевиќ, еден од македонските учесници во проектот.**

На вајмарската *Шорткат* средба беше потенцирана потребата од збогатување на европската културна сцена со социокултурни активности, како и залагањата за транспарентност на Европа и за размена на културните и на уметничките вредности и достигнувања од сите нејзини делови. Исто така, беше согледана неопходноста од интегрирање на истормозениот со војни Балкан, на кој има значаен уметнички потенцијал.

Со овој проект се отвора можноста да се поддржат уметниците од овој регион и да се овозможи нивното излегување од локалните средини, погодени од економска криза и од исполитизирани услови. Меѓусебното поврзување на западноевропските културни центри со балканските е од полза за сите, а еден од најважните резултати од оваа комуникација е борбата против социјалното и културното исклучување.

Покрај реконструкцијата на економијата, основната инфраструктура и на живеалиштата, во балканските земји погодени од војни или од економски и политички кризи постои насушна потреба од културна реконструкција. Затоа, не смеат да се заборават уметниците. Недостигот од сали, театри, галерии, музеи и друга културна "инфраструктура" е нешто на што некои му посветуваат големо внимание само за време на предизборните кампањи, но потоа мошне брзо "заборавaат" на сето тоа. Проектот *Балкански арт генератор* е обид да се надополнат празнините.

***Ц.Д.***

61



ROMизам или непрестаната желба по вечноста (фрагмент)
...та Вангели едно од поранешните дела